## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3086.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 48 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/26 и 148/26) објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА**

I

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје

Согласно член 61 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство („Сл. весник на РСМ“ бр. 42/20), кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот и треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да се државјани на Република Северна Македонија,
- Активно да го владеат македонскиот јазик,
- Да имаат деловна способност,
- Да имаат завршено правни студии со стекнати 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство со стекнати 300 кредити и
- Да имаат положено правосуден испит во Република Северна Македонија.

Согласно чл. 62 ст.1 т.5 и чл.66 од Законот за Јавното обвинителство на огласот може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку шест години како јавен обвинител до моментот на пријавувањето за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години.

- Изборот за Основен јавен обвинител на на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје ќе се спроведе на ден 28.10.2026 година во период од 08:00 до 16:00 часот.

Заинтересираните кандидати кои ќе се пријават на огласот пријавите заедно со потребната документација да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на Бул. „Крсте Петков Мисирков“ бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-86/1
20 август 2026 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Башким Бесими,** с.р.

## КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3087.**

Комората на извршители на Република Северна Македонија, согласно член 74 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) го објавува следното

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Се известуваат граѓаните кои биле странки во предмет/ти кои се водеа во канцеларијата на извршител Јадранка Јовановска од Куманово дека предметите и евиденцијата која ја водела извршител Јадранка Јовановска ги презеде извршител Премтим Ќерими од Куманово со седиште на ул. „11-ти Октомври“ бб во Куманово, определен со Решение на Министерство за правда со бр. 09-1370/5 од 27.7.2026 година.

Бр. 03-358/5
10 август 2026 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Северна
Македонија
Претседател,
**Весна Деловска**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Катерина Михајлова**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2026 година изнесува 41.950 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје**
**Печати: АЛМА - ГРАФИКА ДООЕЛ Скопје**
**ISSN 0354-1622**